**НАСЛОВ НА ПОСТАПКАТА**:_
**ПОСТАПКА ПРИ НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ОСУДЕНО ЛИЦЕ**

**Дефинирање на поимот насилно однесување: -** е секоја намерна употреба на физичка или психолошка сила или моќ од страна на осудено лице, која може да биде во форма на закана или пак да вклучува употреба на сила, насочена кон себеси, кон друго лице или кон некоја група или заедница. Завршува ( или може да заврши ) со физичка повреда, со смрт, со психичка штета, со нарушување во развојот или со загуба.

**Национални прописи со кои се регулира постапката:**

- Закон за извршување на санкции (Службен весник на РМ бр.99/19, **220/19,236/22)** глава XV - Одржувањена редот и дисциплината од член 230-240
- Правилник за овластувањата на затворската полиција, начинот на вооружување на вршење на работата на затворската полиција(Службен весник: 94/2022 од: 15.04.2022)
- Правилник за поблиските услови и начинот на употреба на средствата за присилба од страна на припадниците на затворската полиција во казнено-поправните и воспитно-поправните установи број на Службен весник: 94/2022 од 15.04.2022
    - Правилник за начинот на постапување на дисциплинска комисија при водење на дисциплинска постапка против осудени лица број на (Сл.весник Бр.01-1027/1 од 16.06.2020 година)

**Цел на постапката:** Успешно справување со случаи на насилно однесување на осудени лица и намалување на насилно однесување.

**Резултат:** Поголема безбедност во Установа и зачувување на интегритетот на осудените

**Индикатори:**
- Намален број на дисциплински постапки поврзани со насилно однесување на осудените лица.
- Намален број на претставки за несоодветно постапување во случај на насилно однесување на осудени лица

**Корисник на постапката:**
- Затворска полиција,
- Сектор за ресоцијализација и здравствена заштита
- Директор на КПУ

**Сопственик на постапката**: КПУ

**Датум на евалуација на постапката**: на секои 12 месеци

**Документи:**

- Стандарден оперативен протокол за употреба на средства за присилба
- Известување за употреба на средства за присилба,
- Евиденција во Книга за дневни настани
- Евиденција во Книга за употреба на средства за присилба
- Документација од дисциплинска постапка,
- Образец 15 од Стручно досие - евиденција на Дисциплински казни,
- Известување до УИС

Постапка при насилно однесување на осудено лице



**УПАТСТВО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ:**

**Чекор 1: Информирање на одговорниот на смена и барање засилување**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За организирање на активности за справување со ситуацијата |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција кој е присутен на настанот, или кој добил дојава за настан |
| **Што?** | Го информира одговорниот на смена за настанатата ситуација и бара засилување |
| **Каде?** | Во Установата |
| **Кога?** | Веднаш по забележување на настаната ситуација или по добивање на дојава за истата, |
| **Како?** | Информира преку средства за врски |

**Чекор 2: Проценка дали ќе реагира сам или ќе чека засилување.**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради планирање на  натамошно постапување |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција кој е присутен на настанот или кој добил дојава за настанот |
| **Што?** | Прави проценка дали може сам да се справи со настаната ситуација или му е неопходна  помош |
| **Каде?** | На местото на настанот во установата |
| **Кога?** | Веднаш по пристигнување на местото на настанот |
| **Како?** | Анализира колку луѓе се вклучени во настанот<br>Дали  инволвираните поседуваат  оружје<br>Кој интензитетот на физичката  пресметка |

**Чекор 3: Издавање наредба да престанат со насилното однесување**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да го спречи понатамошното насилно однесување |
| **Кој?** | Припадниците на затворска полиција присутни на настанот |
| **Што?** | Издава наредба |
| **Каде?** | На местото на настанот во установата |
| **Кога?** | Веднаш по пристигнување на местото на настанот |
| **Како?** | Јасно, гласно и прецизно издавање наредба да престанат со конфликтот и да застанат оддалечено едни од други |

**Чекор 4: Раздвојување на осудените лица на соодветна далечина**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се воспостави контрола над ситуацијата |
| **Кој?** | Припадниците затворска полиција присутни на настанот |
| **Што?** | Ги раздвојуваат осудените лица на соодветна далечина |
| **Каде?** | На местото на настанот во установата |
| **Кога?** | Веднаш по издадената наредба за престанување |
| **Како?** | **1. Доколку има можност сам да реагира**<br>- Застанува помеѓу вмешаните во конфликтот<br>- Применува средства за присилба за раздвојување на вмешаните во конфликтот<br>**2. Раздвојување со засилување**<br>- Заеднички со присутните припадници на затворска полиција ги разделуваат вмешаните во конфликтот |

**Чекор 5: Спроведување до здравствен работник**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | - за да се утврди дали има одредени повреди<br>- да се реагира навреме доколку има повреди и да се преземат сите неопходни мерки за санирање на повредите<br>- за да се утврди дали е потребно спроведување на осуденото лице до друга медицинска установа |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција кои ги разделуваат осудените ги спроведуваат до здравствен работник |
| **Што?** | За да се изврши контролира на здравствената состојба на осудените лица |
| **Каде?** | Од местото на конфликтот до здравствен работник |
| **Кога?** | Веднаш по разделувањето на осудените |
| **Како?** | Припадниците на затворска полиција присутни на настанот откако ќе ги разделат осудените лица, заради соодветна здравствена заштита до здравствен работник најпрвин ги спроведуваат осудените лица со поголеми и посериозни повреди |

**Чекор 6: Доколку во установата нема здравствен работник – спровод до здравствена установа**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се утврди дали вклучените во конфликтот имаат повреди и истите да се санираат |
| **Кој?** | Припадниците на затворска полиција |
| **Што?** | Ги спроведува осудените лица со поголеми и посериозни повреди до здравствена установа |
| **Каде?** | Од установата до здравствената установа |
| **Кога?** | Веднаш по раздвојувањето на осудените лица |
| **Како?** | Се придржуваат на протоколите пропишани за спровод на осудени лица до здравствена установа |

**Чекор 7: Медицински преглед на осудените лица и извештај од здравствен работник**

| | | |
|---|---|---|
| **Зошто?** | За да се утврдат и санираат повредите на осудени лица | |
| **Кој?** | Здравствен работник | |
| | Лекар од здравствена установа | |
| **Што?** | Преглед, утврдување и санирање на евентуални повреди | |
| | Препораки за понатамошно лечење или споведување во друга установа | |
| **Каде?** | Здравствен работник | |
| **Кога?** | Веднаш по донесување кај здравствен работник | |
| **Како?** | – Преглед на осудените лица<br>– Санирање на повредите  на осудените лица<br>– Давање препораки за споведување во друга установа доколку е неопходно<br>– Давање мислање за здравствената состојба на осудените лица<br>– Пишува извештај за здравствена состојба на осуденото лице<br>– Евидентира повреди во картон и книга за евиденција<br>– Извештајот од надворешна здравствена установа се доставува во документација за информирање за настанот до директорот и потоа со целокупната документација се става во здравствен  картон на осуденото лице | |

**Чекор 8: Спроведување на осудените лица  до просторија на затворската полиција**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да бидат обезбедени во просторијата на затворската полиција |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција кој ги спроведоа до здравствен работник |
| **Што?** | Спроведување на осудените лица во дежурана просторија на затворската полиција |
| **Каде?** | Од здравствениот работник во просторија на затворската полиција |
| **Кога?** | Веднаш по  извршениот медицински преглед |
| | |
| **Како?** | – Обезбедувајки услови  вмешаните во конфликтот да се држат раздвоено.<br>– Доколку осуденото лице е спроведено на медицински преглед надвор од установата припадниците на затворскат полиција одговорни за спровод се постапува согласно Постапката за спроведување вон установата |

**Чекор 9: Поединечно испитување на вклучените во конфликтот**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За прибирање на информации во врска со настанатиот конфликт |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција/командир на смена, |
| | Заповедник, доколку е присутен во установата<br>Припадници на затворска полиција заради обезбедување на осудените лица |
| **Што?** | Осудените лица вклучени во конфликтот поединечно се испитуваат за да се соберат што е можно повеќе информации во врска со настанот |
| **Каде?** | Просторија на затворската полиција |
| **Кога?** | По извршениот медицински преглед (доколку е потребно) |
| | Веднаш по настанот - Кога конфликтот е од помали размери, кога осудените лица не пријавуваат повреди и не е утврдена потреба за спроведување во здравствена установа |
| | |
| **Како?** | Командирот на смена поединечно ги испрашува сите вклучени во настанот, одвоено во просторијата на затворската полиција<br>Командирот на смена бара одговори на прашањата:<br>- Кои се вклучените во конфликтот<br>- Кои се причините за настанатиот конфликт<br>- Што се случило<br>- Како се случило<br>Давање на писмена изјава од страна на осуденото лице за настанатата ситуација |

**Чекор 10. Издвојување на вклучените во конфликтот (доколку има потреба)**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се смири ситуација, да се спречи ескалација<br>За да се обезбедат повеќе информации во врска со настанот |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција |
| | |
| **Што?** | По наредба од командир на смена ги сместува осудените лица во просторија за издвојување |
| **Каде?** | Просторија за издвојување |
| **Кога?** | Веднаш по сослушувањето<br>Осуденото лице може да биде издвоено најдолго 24 часа |
| **Како?** | Припадникот на затврска полиција кој е одговорен на смена го информира осуденото лице за примена на средство за за присилба – издвојување<br>Припадникот на затворската полиција кој добил наредба од одговорниот на смена го спроведува осуденото лице до просторијата за издвојување<br>Истиот претходно ги превзема сите неопходни мерки за примена на средството за присилба. |

**Чекор 11. Прибирање на информациии во врска со настанот**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се проверат дадените изјави и да се обезбедат повеќе информации за настанот |
| **Кој?** | Припадникот на затврска полиција кој е присутен на настанот или кој добил дојава за настанот, |
| | Припадник на затврска полиција/командир на смена |
| **Што?** | Припадникот на затврска полиција го информира командирот на смена за осудените лица кои биле присутни на настанот<br>Командирот на смена доколку процени дека има потреба може да повика некој од сведоците за изјава во врска со настанот<br>Ги испрашува сведоците на настанот за тоа што се случило |
| **Каде?** | На местото на настанот во установата, во установата, во просторија на затворската полиција |
| **Кога?** | По настанување на настанот, по добивање на наредба од страна на командирот на смена |
| | По сослушување на вклучените во конфликтот |
| **Како?** | Командирот на смена, или друг припадник на затворска полиција ги испрашува осудените сведоци што се случило, зошто се случило<br>Командирот на смена веднаш по добивањето на информацијата преку телефон или лично го информира директорот и заповедникот за настаната ситуација<br>Заеднички определуваат неопходно времетраење на издвојување на осудените лица |

**Чекор 12: Подготовка на извештај за настаната ситуација**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За писмено информирање на Директорот на установата, Сектор за ресоцијализација и УИС за настанот |
| **Кој?** | Командир на смена, заповедник/припадник на затворска полиција директен сведок на настанот, |
| **Што?** | Подготвува детален извештај за настаната ситуација |
| **Каде?** | Во просторијата на затворска полиција |
| **Кога?** | По смирување на ситуацијата и прибирање на сите информации – најдоцна во рок од 24 часа од настанување на конфликтот |
| **Како?** | Заповедникот/припадникот на затворска полиција составува извештај во писмена форма во кој го објаснува настанот одговарајки на прашањата што, кога, каде, како, со кој, на кој начин, се случило и што е превземено во врска со настанот<br>Извештајот се доставува до: раководителот на сектор за ресоцијализација и директорот на установата, потоа се праќа до УИС |

**Чекор 13: Поведување на дисциплинска постапка за осудените лица вклучени во конфликтот**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се утврди за кои осудени лица треба да се определи дисциплинска одговорност за настанот |
| **Кој?** | Секое вработено лице кое ќе забележи или добие сознание за сторена дисциплинска повреда |
| **Што?** | Поднесува предлог за поведување дисциплинска постапка |
| **Каде?** | Во просторија на затворската полиција |
| **Кога?** | По смирување на ситуацијата и прибирање на сите информации во врска со ситуацијата |
| **Како?** | Секое вработено лице кое ќе забележи или добие сознание за сторена дисциплинска повреда поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка за инволвираните во конфликтот<br>Предлог за поведување на дисциплинска постапка за осудените инволвирани во настанот се доставува до претседателот на дисциплинската комисија |

**Чекор 16: Информирање и разгледување на настанатата ситуација**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За запознавање на сите сектори со настанатата ситуација и планирање на понатамошни активности |
| **Кој?** | Директор, раководители на сектори, претседател на дисциплинска комисија |
| **Што?** | Запознавање на сите сектори за кои информацијата е значајна |
| **Каде?** | Канцеларија на директор (Установата) |
| **Кога?** | За време на одржување на заеднички состаноци |
| **Како?** | Директорот на заеднички состанок ги информира вработените за настанатиот конфликт и се разгледуваат понатамошни постапки, |

**Чекор 17: Спроведување на дисциплинска постапка**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се утврди дисциплинска одговорност на осудените лица вклучени во конфликтот |
| **Кој?** | Претседател на дисциплинска комисија, членови и заменици членови на дисциплинска комисија |
| **Што?** | Спроведување на дисциплинска постапка согласно Правилникот за начинот на постапување на дисциплинска комисија при водење на дисциплинска постапка против осудени лица |
| **Каде?** | Канцеларија на Претседател на дисциплинска комисија/соодветна просторија |
| **Кога?** | Наредниот работен ден по случување на настанот, откако претседателот ќе го добие предлогот за поведување на дисциплинска постапка од поднесителот<br>- Доколку осудените лица вклучени во конфликтот се наоѓаат на лекување тогаш дисциплинската постапка ќе се спроведе по враќањето на истите во установата. |
| **Како?** | Претседателот на дисциплинска комисија организира спроведување на дисциплинска постапка |

**Чекор 18: Разговор на осудените лица вклучени во конфликтот со службени лица од секторот за ресоцијализација**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се информира службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман со ситуацијата и да има можност воспитно да делува на осуденото лице |
| **Кој?** | Службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман |
| **Што?** | Службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман раговара со осуденото лице кој бил вклучен во конфликтот, се информира за ситуацијата, советува ( можности за ненасилно разрешување на конфликти) |
| **Каде?** | Канцеларија на службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман |
| **Кога?** | Откако службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман ќе добие информација од раководителот на секторот за ресоцијализација за настаната ситуација |
| **Како?** | Службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман го повикува осуденото лице во својата канцеларија. При разговорот со осуденото лице ја сослушува изјавата на осуденото лице во врска со настанатата ситуација, и укажува на можноста за ненасилно решавање на конфликти. |

**Чекор 19: Вклучување на осуденото лице во Програма за постапување со лица со насилно однесување**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Остварување на непрекинат и континуиран третман на осудените лица со насилно однесување во установата |
| **Кој?** | Сектор за ресоцијализација - Мулти-дисциплинарни тимови |
| **Што?** | Се преземаат мерки и активности согласно Програмата за третман на осудени лица со насилно однесување |
| **Каде?** | Во установата |
| **Кога?** | Веднаш откако е утврдено манифестирање на насилно однесување на осуденото лице |
| **Како?** | Службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман дава мислење за потребата од вклучување во програма за третман и го информира Раководителот на сектор за ресоцијализација<br>Мултидисциплинарен тим - работи на спроведување на Програмата<br>За текот на спроведување се информира Раководителот на Сектор за ресоцијализација и Директорот на установата |